# ЦЕЛИ - РЕВИЗИЈА НА УСПЕШНОСТ
# ЕФИКАСНОСТ НА ПРЕЗЕМЕНИТЕ МЕРКИ, ПОЛИТИКИ И АКТИВНОСТИ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОБЈЕКТИТЕ ЗА ОДМОР И РЕКРЕАЦИЈА НА ДЕЦАТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Имајќи ги во предвид утврдените состојби од досегашните ревизии, новите законски решенија, состојбите во врска со објектите на сегашните и поранешните детски одморалишта, Државниот завод за ревизија во својата Годишна програма за работа за 2014 година ја вклучи ревизијата на успешност на тема „Ефикасност на преземените мерки, политики и активности за управување со објектите за одмор и рекреација на децата во Република Македонија" и ја реализира согласно членовите 22 став 1 и 23 став 1 од Законот за државна ревизија.

Ревизијата на успешност е вршена со цел објективно презентирање на состојбите од преземените мерки, политики и активности од страна на надлежните институции одговорни за управувањето со објектите за одмор и рекреација на децата како еден од условите за реализација на дејноста одмор и рекреација и креирање на препораки за надминување на утврдените слабости во овој дел.

Вршењето на ревизијата се одвиваше во неколку фази од кои прва е фазата на прелиминарни истражувања која резултира со подготовка на Извештај од снимање и ревизорска програма како дел од ревизорската методологија која ревизорите ја применуваат.

Од истражувањата, ревизорите оценија постоење на повеќе ризици за натамошно спроведување на ревизијата на успешност:

- Отсуство на стратешки документи, стандарди и нормативи, кои треба да бидат основ за дефинирање на општата рамка и условите за реализација на дејноста одмор и рекреација на децата;
- Невоспоставена мрежа на детски одморалишта и Централен регистар на установи за деца – детски одморалишта, како единствена база на податоци за правни и физички лица кои вршат дејност во рамките на установите за одмор и рекреација на децата;
- Несоодветна институционалната соработка во однос на управувањето со објектите за одмор и рекреација на деца;
- Недоволно финансиски средства за обавување на активностите за одмор и рекреација на децата, како и отсуство на критериуми за распределба на средствата по корисници, што значително влијае на финансирањето на правото на децата за одмор и рекреација, изградбата, опремувањето и одржувањето на установите, како и на програмските активности во дејноста;
- Недоволна кадровска екипираност во организационата единица одговорна за надзор и неизвршен стручен и инспекциски надзор во установите за одмор и рекреација на децата.

Ревизорскиот опфат и применетата методологија во процесот на спроведување на ревизијата на успешност се подетално објаснети во Прилог 1 – Опфат и методологија на овој извештај.